Јавно претпријатие за комунални дејности
ПЛАВАЈА П.О.
Бр.0202-538/3
24.07. 2024 год.
Радовиш

Врз основа на чл.15 од Статутот на ЈП ,,Плаваја,,- Радовиш а согласно Одлуката за комунален ред на Советот на општина Радовиш, Законот за комунални дејности и Законот за јавни претпријатија, Управниот одбор на ЈП Плаваја-Радовиш на одржаната седница на 24.07.2024 година ја донесе следната:

# О Д Л У К А

## за фактурирање на паушален износ за собирање, одведување и прочистување на урбани отпадни води на корисниците на подземни води

Член 1

Да се врши фактурирање на паушален износ на надоместок за услуги за одведување и прочистување на урбани отпадни води и тоа на физичките лица кои користат подземни води да се фактурира по 20 м3, а на правните лица при фактурирањето да се земе просечната едногодишна потрошувачка во период кога имало мерење на таа локација на водомер, а со цел да се спречат големите штети и загубите на претпријатието.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила од денот на донесувањето.

Претседател на У.О

Наце Димитријев

Јавно претпријатие за комунални дејности ПЛАВАЈА П.О. Радовиш

ЈП Плавајa
889
Јавно претпријатие за комунални дејности
ЈП.-ПЛАВАЈА- Радовиш
Примено: 30.08.2024

| Орг. един. | Број | Предлог | Вредност |
| --- | --- | --- | --- |
| 0201 | 699/1 | | |


Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на РМ бр.5/02) и член 21 од Статутот на општина Радовиш, а во согласност со член 23 став 2 од Одлуката за комунален ред на Советот на Општина Радовиш,

Советот на Општина Радовиш на LII седница одржана на 06.08.2024 донесе:

# О Д Л У К А

## за давање Согласност на Одлука за фактурирање на паушален износ за собирање, одведување и прочистување на урбаните отпадни води на корисниците на подземни води донесена од Управен Одбор на ЈП Плаваја Радовиш бр.0202-538/3 од 24.07.2024

член 1

Се дава Согласност на Одлука за фактурирање на паушален износ за собирање, одведување и прочистување на урбаните отпадни води на корисниците на подземни води донесена од Управен Одбор на ЈП Плаваја Радовиш бр.0202-538/3 од 24.07.2024.

член 2

Се задолжува Секторот за инспекторат на ЕЛС општина Радовиш заедно со претставници на ЈП„Плаваја" Радовиш да изврши контрола кај корисниците правни лица кои користат подземни води и да ги задолжи да поставаат соодветни уреди за мерење на исцрпената вода.

член 3

Одлуката да се достави до Управен одбор на ЈП Плаваја Радовиш.

член 4

Одлуката влегува во сила од денот на донесувањето и ќе биде објавена во „Службен гласник на општина Радовиш„.

Број 08-1084/1
Дата 06.08.2024 година
Радовиш

Совет на општина Радовиш
Претседател
Страхил Гавритов

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
"СОВЕТ НА ОПШТИНАТА"
ОПШТИНА РАДОВИШ

Јавно претпријатие за комунални дејности
ЈП.-ПЛАВАЈА- Радовиш

| Примено: | 30.08.2024 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. един. | Број | Предлог | Вредност |
| 0201 | 699/2 | | |

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од Законот за локална самоупава(Сл.весник на РМ бр.5/2002), а во врска со член 44 од Статутот на општина Радовиш, Градоначалникот на Општина Радовиш донесува

Р Е Ш Е Н И Е
за прогласување и објавување
на Одлука за давање Согласност на Одлука за фактурирање на паушален износ за собирање, одведување и прочистување на урбаните отпадни води на корисниците на подземни води донесена од Управен Одбор на ЈП Плаваја Радовиш бр.0202-538/3 од 24.07.2024

Ја прогласувам и објавувам одлуката за фактурирање на паушален износ за собирање, одведување и прочистување на урбаните отпадни води на корисниците на подземни води донесена од Управен Одбор на ЈП Плаваја Радовиш бр.0202-538/3 од 24.07.2024 , бр.08-1084/1

што советот на Општина Радовиш ја донесе на седница одржана на 06.08.2024 година.

Број 09-1084/2
Дата 06.08.2024 година
Радовиш

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА „ГРАДОНАЧАЛНИК" ОПШТИНА РАДОВИШ

Градоначалник
на Општина Радовиш
Ацо Ристов